**ЗАПИСНИК**
**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.11.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довелева, Весна Симоновска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Г-дин Петрушевски најави дека на седницата се присутни 5 членови на Советот освен г-дин Јанчески кој во моментот има технички проблем со интернет конекцијата и се очекува во скоро време да се приклучи.

Советот на Агенцијата, едногласно (5 членови гласаа преку аудио и видео врска додека г-дин Јанчески гласаше преку аудио врска), го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.11.2021 година.
2. Информација во врска со донација за радиодифузерите преку намалување на надоместокот за дозволата за телевизиско или радио емитување за 2022 година.
3. Нацрт-годишен план за вршење програмски надзор за 2022 година.
4. Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2022 година.
5. Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Нацрт-програма на планирани активности и

Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година).

6. Предлог за усвојување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2021.
7. Предлог за донесување на одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година, со предлог-одлука.
8. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Нова од Гевгелија.
9. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата на РА Актуел од Битола.
10. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: ИКТ опрема.
11. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно (5 членови гласаа преку аудио и видео врска додека г-дин Јанчески гласаше преку аудио врска), го усвои Записникот од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.11.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Информацијата во врска со донација за радиодифузерите преку намалување на надоместокот за дозволата за телевизиско или радио емитување за 2022 година. Објасни дека со Програмата за работа за следната година во која како составен дел е и Финансискиот план на Агенцијата за 2022 година се предвидува 50% од надоместокот кој треба да го платат радиодифузерите за дозволата за радио и телевизиско емитување, Агенцијата да ги ослободи од плаќање во форма на донација заради сè уште актуелната Ковид пандемија, енергетската криза и општата лоша економска состојба во државата која што и во наредниот период ќе се одрази негативно врз работењето на радиодифузерите. За да може да биде усвоен Нацрт-финансискиот план на Агенцијата за 2022 година кој е составен дел од Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за 2022 година потребна е согласност од страна на Советот дека го прифаќа овој предлог односно да донесе заклучок дека радиодифузерите ќе бидат ослободени во висина од 50% од надоместокот за дозволата за радио и телевизиско емитување за 2022 година.

Г-дин Фиданоски се изјасни дека ќе даде поддршка на предлогот доставен во Информацијата. Посочи дека не е првпат Советот да дава помош односно ослободување од партиципацијата што ја имаат радиодифузерите за надоместокот за дозволата за радио и телевизиско емитување. Од почетокот на Ковид пандемијата која што кај нас па и глобално се почувствува во работењето и воопшто во економијата,

смета дека оваа донација ќе им биде од значење на радиодифузерите и честопати велел дека регулаторот не е само да го спроведе Законот туку да создаде или искреира амбиент за поповолна работа на медиумите во рамките на можностите на Агенцијата, бидејќи прцениле дека со оваа донација нема да има последици врз работата на регулаторот од финансиски аспект. Од таа причина рече дека со задоволство ќе даде поддршка за овој предлог.

Г-дин Ајдини рече дека го дели истото мислење со г-дин Фиданоски. Добро е што Агенцијата и овој пат им излегува во пресрет на медиумите бидејќи во контактите кои ги имаат со медиумите се информирани дека тие се наоѓаат во незавидна положба. Можеби со Локалните избори малку финансиски се поткрепиле, но сепак оваа состојба и кај нив се рефлектира во нивната секојдневна работа. Наведе дека секоја помош од страна на Агенцијата ќе им биде добредојдена за да можат и во иднина непречено да работат. Се изјасни дека се согласува со предлогот и ќе го поддржи.

Советот на Агенцијата едногласно (5 членови гласаа преку аудио и видео врска додека г-дин Јанчески гласаше преку аудио врска), ја прифати Информацијата во врска со донација за радиодифузерите преку намалување на надоместокот за дозволата за телевизиско или радио емитување за 2022 година, бр.05-4183/1 од 12.11.2021 година и ја констатира потребата од доделување финансиска помош (донација) за радиодифузерите во 2022 година преку намалување на надоместокот за дозволата за телевизиско или радио емитување за 2022 година, пресметан согласно формулата утврдена во членот 80 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во висина од 50% од надоместокот за дозвола.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Петрушевски предложи за Точките 3, 4 и 5 да се даде еден заеднички вовед а потоа гласањето да биде посебно за секоја точка за што членовите на Советот немаа против.

Г-дин Трајчевски во однос на Нацрт-годишниот план за програмски надзор објасни дека тој ги опфаќа сите редовни програмски надзори што планира Агенцијата да ги спроведе во наредната година. Во него е јасно утврдено, кои субјекти, за кои обврски и во кој период од годината ќе бидат предмет на надзор. Од Секторот за програмски работи се води сметка во различни календарски години да бидат опфатени различни субјекти за да надзорот не биде извршен над едни исти радиодифузери. Сосема идентично е и во Нацрт-годишниот план за административен надзор каде се утврдени редовните административни надзори што ќе се спроведат врз радиодифузерите и печатените медиуми. Во однос на Програмата за работа, објасни дека согласно Законот, таа се состои од Програма на планирани активности и Финансиски план. Во Нацрт-програмата на планирани активности јасно се утврдени целите што се планираат да се остварат, активностите што ќе се преземат за нивно реализирање и периодот од годината кога ќе се преземат тие активности. Во првиот дел се опфатени сите активности на Агенцијата кои се однесуваат на работењето на радиодифузерите – следење на исполнувањето на програмските и другите обврски на радиодифузерите, обезбедување јавност во работењето, активностите што Агенцијата ќе ги преземе за обезбедување заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите и друго. Активностите на Агенцијата за поттикнување на медиумската

писменост, и во 2022 година ќе се спроведуваат преку соработка со граѓанскиот сектор, образовните институции и сите други заинтересирани страни. Ќе продолжи и поддршката на македонската Мрежа за медиумска писменост. Сите активности ќе бидат насочени кон зголемување на свесноста за важноста на медиумската писменост во информациското општество во кое живееме и кон развивање на компетенциите на македонските граѓани за медиумска писменост. Наведе дека во рамки на своите надлежности Агенцијата ќе спроведува и надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и издавачите на печатени медиуми. На меѓународен план, Агенцијата ќе продолжи активно да учествува на средбите на меѓународните организации и асоцијации во кои членува или има статус на набљудувач, но и на други настани од меѓународен карактер, релевантни за аудиовизуелната област, со тоа што учеството исто како и минатата година ќе биде воглавно онлајн. За да обезбеди транспарентност во своето работење, Агенцијата и во 2022 година ќе организира јавни состаноци на коишто ќе ја информира јавноста и медиумите за преземените активности од својот делокруг на работење и на коишто ќе се дискутира за различни прашања од аудио и аудиовизуелната област. Со Нацрт-финансискиот план за 2022-ра година вкупните приходи и расходи се планира да изнесуваат 132,525,238.00 денари. Износите предвидени во него се малку повисоки од Финансискиот план за 2021 година кој изнесуваше 126,817,233.00 денари. На приходната страна, најголеми планирани приходи да се од Буџетот на државата, онаа сума која што Агенцијата ја добива како замена за радиодифузната такса. Согласно планираните средства за оваа намена во Предлог Буџетот кој е пуштен во Собрание предвиден е износ од 54 милиони денари за Агенцијата и тие се пониски од оваа година чиј износ е 66,600,000.00 денари. Значи следната година од Буџетот на РСМ се предвидени 12 милиони и 600 илјади денари помалку. За да се реализира приходната страна со оглед на тоа што Агенцијата има помалку предвидени приходи од страна на Буџетот во однос на минатата година, но и значително помалку согласно законската обврска што ја има Владата да и префрли на целиот радиодифузен сектор 1% од Буџетот, се планира од заштедените средства од минатите години да бидат пренесени 47,925,538.00 денари, потоа од дозволи 19,5 милиони денари и 10,5 милиони денари од надзорот за реемитување на програмски сервиси преку јавни електронски комуникциски мрежи. Планираниот приход од дозволи е намален за 50%, согласно планираната донација за сите комерцијални и непрофитни радиодифузери за ублажување на последиците од пандемијата со Ковид-19. На расходната страна во предложениот нацрт, најголеми расходи се предвидени на позицијата вкалкулирани плати во износ од 59,745,238.00 денари, додека за 2021 година овој износ е 52,723,233.00 денари. Средствата се наменети за нето плата на редовно вработените лица во Агенцијата, како и плати за заменик директор, кој иако не е избран по Закон треба да постои такво работно место и за 7 членови на Советот за период од 6 месеци, во случај Собранието да изврши избор на нови членови на Советот. Други поголеми ставки се предвидени со купување на опрема во износ од 12,782,000.00 денари кои се планирани за набавка на ИКТ (Информатичка комуникациска технологија) опрема и за набавка на Систем за автоматско управување со документи. Расходната ставка за потрошена енергија во 2022 година е зголемена за еден милион денари во однос на 2021 година, поради енергетската криза. Електрична енергија се набавува на слободниот пазар и заради зголемената цена на пазарот на електричната енергија предвидена е сума поголема за 1 милион денари. И во зависност од движењата и трендот на зголемување на цената можеби оваа ставка ќе има потреба дополнително

да се зголеми, но за тоа ќе се почека во текот на 2022 година. Други расходни ставки со повисоки износи во нацртот за 2022-та година се и позициите интелектуални услуги во износ од 17,623,000.00 денари и инвестиционо одржување на средствата во износ од 12,409,000.00 денари. Меѓутоа овие ставки како и сите останати, се во висина на предвидените износи во изминатите години. По усвојувањето на нацрт верзиите на овие документи, согласно Законот, ќе биде отворена јавна расправа во траење од 30 дена, а потоа ќе бидат ставени на финанлно усвојување од страна на Советот.

Г-дин Фиданоски рече дека предложените нацрт документи претставуваат законска обврска на Агенцијата и дел од тековните активности на регулаторот кој што секоја година се реализираат. Во Нацрт-програмата за работа се зацртуваат целите и активностите што треба да ги направи Агенцијата за тие да се реализираат а согласно Стратегијата за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2019 до 2023 година.Таа претставува еден детален пресек за тоа што регулаторот ќе направи во следната 2022 година. Она што е за него впечатливо, иако не значи дека тоа 100% ќе биде така, за првпат по подолго време во неа не е предвиден изборен мониторинг затоа што начелно не се предвидени избори за 2022 година, но не се знае што ќе каже политичката ситуација, можно е и овој предизвик да го има па да се направи измена на Програмата од тој аспект. Не е задоволен тоа што од Буџетот на државата АВМУ и јавниот сервис примаат средства кои се далеку помалку од предвидените 1%. По негова груба проценка да се оди и со најригорозната пресметка што би се правела со реализиран Буџет а не планиран, Агенцијата треба да прима најмалку двојно на годишно ниво од тоа што е планирано да се прими следната година, што е значително незадоволително и смета дека онака како што функционира регулаторот пред сѐ е одраз на тоа како Агенцијата домаќински ја води работата за да ги исполни сите активности. Но, сепак за овие средства што не ги прима би требало да се нотира дека можеби ја скратуваат можноста за условно речено планирања на поголеми проекти кои токму заради финансиите Агенцијата не е во можност да ги реализира. Верува дека на крајот од следната година ова време или во декември најголем дел од планираните активности ќе бидат реализирани. Како сугестија посочи дека ќе се задржи на два моменти. Во Нацрт верзијата смета дека на страна 7 кај Точка 2 – Социјална инклузија и Медиумска писменост, можеби треба да се нагласи моментот дека Агенцијата би имала активности во соработка со невладиниот сектор за вклучување на медиумската писменост во образовниот систем на државата, тоа е една цел кон која сите се стремат за да влезе медиумската писменост како дел од образовниот систем на државата, и кај Точка 9 – Меѓународна соработка, можеби треба да се стави односно да се потенцира дека треба да има билатерална соработка колку што дозволуваат условите со пандемијата, средба и размена на искуства во работата со регионалните регулаторни тела. Се надева дека идната година ќе има можност за почести средби во живо, а не онлајн, иако тоа не зависи од нас, зависи пред сѐ од актуелната епидемиолошка состојба поврзана со пандемијата. Верува дека таа ќе биде многу подобра идната година. На крајот се изјасни дека за сите три предложени нацрт документи ќе ја даде неговата поддршка.

Г-дин Петрушевски побара директорот Трајчевски да се изјасни за забелешките од г-дин Фиданоски за да знае дали тие да ги стави на гласање ако директорот ги прифати.

Г-дин Трајчевски, бидејќи документите се во нацрт верзија, објасни дека сето она што ќе се дискутира и ќе се предложи истото ќе биде снимено. И доколку има уште нешто поконкретно, може во следните 30 дена да биде доставено по меил до Агенцијата и потоа кога ќе се усвојува финалната верзија ќе се одлучи што ќе се вгради од доставените забелешки и предлози и тогаш Советот ќе го усвојува во таква форма. Можеби Советот ќе има и други забелешки и размислувања, можеби ќе има некои нови настани во наредниот период кој што сега не можат да се предвидат до денот на усвојување на финалната верзија, па тогаш да бидат вградени. Објасни дека дискусиите се снимаат, но би било добро предлозите да се доставaт и во писмена форма. Во однос на забелешките, рече дека за него се прифатливи.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Фиданоски дали се согласува со одговорот даден од директорот?

Г-дин Фиданоски одговори дека се согласува, Нацрт-програмата ќе ја прифатат онака како што е понудена. Неговите забелешки ги дава како сугестија за предлог-верзијата за после 30 дена јавна расправа. Рече ако има потреба сугестиите ќе ги достави во писмена форма, но смета дека службата ќе ги вгради од оваа снимена дискусија доколку има согласност.

Г-дин Петрушевски во неговата дискусија рече дека има забелешка во однос на Финансискиот план за две ставки, за едната прашање и појаснување а за другата предлог. Предлогот ќе го модифицира како што предложил директорот да се земе во предвид. Во однос на ставката 417700 - Други лични и интелектуални услуги, каде што се работи за обуки за вработените. Минатата година 2020-та за оваа намена биле предвидени 400,000.00 денари а сега се работи за зголемување од 5 пати за што рече дека е многу. Самата сума од 35 илјади евра за обуки му изгледа висока и побара појаснување од директорот зошто е голема сумата за обуки оваа година?

Г-дин Трајчевски му даде збор на раководителот на Секторот за финансии и логистика да даде објаснување од кои сектори точно се побарани обуки за вработените.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека обуки за вработените се побарани од повеќе сектори. Износот од 2,579,000.00 денари и минатата година во првичната Нацрт верзија за оваа намена беше многу повисок од усвоениот план. Сега во моментот сите што имаат ставено обуки во своите секторски планови се вклучени во оваа ставка на нацртот. Една од ставките е на пример 450,000.00 денари за тим билдинг кој што може да не се реализира поради ситуацијата со Ковид пандемијата. Од Секторот за стратешко планирање и авторски права има побарување за обуки од 295,000.00 денари, од Секторот за поддршка на работата на директорот и Советот 236,000.00 денари, од Секторот за финансии и логистика 150,000.00 денари, од Секторот за правни работи и јавни набавки има предвидени обуки во износ од 580,000.00 денари, од Секторот за информатичка поддршка и општи работи од 400,000.00 денари. Но објасни дека сите овие ставки во крајната верзија на Финансискиот план за 2022 година може да бидат намалени.

Г-дин Петрушевски напомена да се размисли уште еднаш бидејќи ова е енормна сума од 35 илјади евра. Се согласи дека вработените треба да се обучуваат, но овој предлог оди во Собрание и е јавно објавен и треба да се внимава дали ова е оправдано. Не е идејата само да се ставаат желбите на вработените и да ваква голема сума се употреби. Во однос на втората ставка за која има предлог, но како што предложил

директорот сега да се земат само во предвид и да нема гласање како и за предлозите на г-дин Фиданоски, така што би се придружил и тој на тоа и нема да бара да се гласа за неговиот предлог на оваа седница туку само ќе ги посочи причините. Се работи за ставката 405000 - Издатоци за репрезентација. Наведе дека минатата година биле 700,000.00 денари, а сега се предлага 900,000.00 денари односно минатата година била предвидена голема сума сега уште поголема. Ова во моменти кога има општа економска криза, во моменти кога се доделуваат донации на радиодифузерите и во моменти кога се очекува да се избере нов состав на Советот на Агенцијата, смета дека не е добар предлогот за репрезентации од 900,000.00 денари и предложи да се намали на 500,000.00 денари. Објасни дека сега ќе го поддржи Нацрт-финансикиот план без разлика дали овој предлог директорот ќе го прифати или не, но ако остане вака во завршниот план нема да го прифати и не би ризикувал до толку да се намали угледот на Советот и на Агенцијата со вакви големи суми за репрезентација.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека една од ставките што е предвидена за репрезентација секогаш е за кетеринг од околу 360.000,00 денари со вклучен ДДВ што веќе две години не е направен. Ова секогаш го има и во Планот за јавни набавки и тоа е една од причините што е голема оваа ставка. Ова е искористено само во 2019 година. Значи две години се предвидени средства но не се потрошени.

Г-дин Петрушевски рече дека таа сума е околу 6 илјади евра, но пак остануваат уште 9 илјади евра за другите намени што ги спомнал.

Г-дин Трајчевски објасни дека оваа сума за репрезенатција претходните 2-3 години беше 1 милион и 200 илјади денари, а потоа беше намалена затоа што воопшто таа сума не се искористи во целост и максимум годишно се трошат 400 до 500 илјади денари со тоа што последните 2 години не се троши ни за кетеринг бидејќи нема организација на настани во живо и Деновите на медиумска писменост се одржуваат онлајн. Во оваа ставка влегуваат и други средства што се трошат за странки кои доаѓаат во Агенцијата, купување пригодни подароци за странски делегации и слично така што оваа година се нема потрошено повеќе од 300.000,00 илјади денари и побара раководителот Радуновиќ да ја посочи точната сума.

Г-дин Петрушевски рече дека го прифаќа образложението за кетерингот и не го знаел тој податок дека се трошат околу 6 илјади евра за таа намена, и рече дека ќе го модифицира неговиот предлог и дека 700,000.00 денари може да биде доволно. Ако може да се намали би било добро бидејќи секогаш може да се зголеми ако остане овој состав на Советот, ако не биде избран нов до мај или јуни следната година може повторно да се зголеми.

Г-дин Фиданоски рече дека и тој сакал да го потенцира тоа што беше кажано од г-дин Трајчевски. Колку што тој забележал во завршните сметки што ги гледале за претходните години помалку од 50% од планираното било потрошено секогаш. Објаснувањето од раководителот Радуновиќ го прифаќа затоа што Агенцијата е покровител за медиумска писменост и има организација на настаните во таа недела во живо. Се согласува и со г-дин Петрушевски дека можеби сумата од 700 илјади денари ќе биде компромисна варијанта за на крајот. Додаде дека според негови груби сознанија смета дека Агенцијата е една од институциите кои трошат најмалку за репрезентација ако се направи споредба.

Г-дин Петрушевски рече дека тоа е точно, навистина Агенцијата е скромна во тој поглед, но така треба и да продолжи, реално како што навел г-дин Трајчевски како што се трошеле неколку стотини илјади денари така треба и да биде. Ова сега јавноста го гледа додека завршната сметка други луѓе ја гледаат. Најави дека сите три точки ќе ги поддржи онака како што се предложени, а директорот и службата да размислат ставката од 900 илјади денари да биде намалена на 700 илјади денари за конечниот предлог.

*Гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата едногласно ја одобри Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година), со текст како што беше предложена.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година), да ја објави на веб страницата на Агенцијата со цел да се обезбеди јавна расправа, согласно член 10 од ЗААВМУ и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

*Гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата едногласно го донесе Нацрт-годишниот план за вршење административен надзор за 2022 година, со текст како што беше предложен.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведениот Нацрт-годишен план за вршење административен надзор за 2022 година да го објави на веб страницата на Агенцијата со цел да се обезбеди јавна расправа, согласно член 10 од ЗААВМУ и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

*Гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата едногласно ја одобри Нацрт-програмата за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година), со текст како што беше предложена.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената Нацрт-програма за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година (со Нацрт-програма на планирани активности и Нацрт-финансиски план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година), да ја објави на веб страницата на Агенцијата со цел да се обезбеди јавна расправа, согласно член 10 од ЗААВМУ и член 47 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година.

**Точка 6**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за усвојување на Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2021. Објасни дека овој Извештај се однесува за периодот од 18 до 29 октомври и во овој период не беа констатирани прекршувања на Изборниот законик односно пречекорување на дозволените лимити за ППР. Во вториот изборен круг ППР беше емитувано на 28 телевизии и 20 радија. Агенцијата го потврди ППР кај овие радиодифузери. На програмите на телевизиите беше емитувано платено политичко рекламирање за 8 учесници во изборите во вкупно траење од 128 часа 41 минута и 27 секунди. Од нив: за СДСМ и Коалицијата „Најдоброто за мојата општина" - 47:05:50, за ДУИ - 32:40:56, за ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова за Македонија" - 26:48:28, за Алијанса за Албанците и Алтернатива - 18:17:33, за Беса - 01:19:28, за Данела Арсовска - 01:06:14, за Максим Димитриевски - 00:50:58 и ГРОМ - 00:32:00. Од учесниците во изборите кои закупија време за ППР на телевизиите, првпат како нарачатели на рекламирање во вториот круг, се појавија политичката партија ГРОМ и независната кандидатка за градоначалник на Градот Скопје, Данела Арсовска. Најголем временски простор за платено политичко рекламирање беше закупен на националните телевизии ТВ Алсат-М (13:19:08), ТВ Канал 5 (12:28:23), ТВ Сител (11:25:53), ТВ Клан Македонија (07:30:19) и ТВ Алфа (06:54:02). На регионално ниво најмногу ППР емитуваше ТВ Коха (04:29:07), а на локално ниво ТВ Плус Куманово (08:16:05) и ТВ Канал 8 (06:56:08). Радијата во вториот круг од Локалните избори емитуваа вкупно 12 часа 16 минути и 2 секунди платено политичко рекламирање. Рекламен простор на радијата закупија само тројца од учесниците во изборите: СДСМ и Коалицијата „Најдоброто за мојата општина" - 06:12:52, Алијанса за Албанците и Алтернатива - 05:44:43 и ДУИ - 00:18:27. Сето ова е потврдено од АВМУ и е испратено до ДИК. Наведе дека во текот на вчерашниот ден дополнително до членовите на Советот им беше доставен и Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања во општина Дебар за да се припои во овој извештај. Тамо ППР имаше само на ТВ Дибра во вкупно траење од 2 часа 9 минути и 39 секунди за политичката партија ДУИ.

Г-дин Петрушевски најави дека гласањето на г-дин Трајчев ќе биде искажано аудио без видео приказ.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше забележано аудио без видео приказ) го усвои Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2021, со текст како што беше предложен.

Горенаведениот извештај да се достави до Државната изборна комисија.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата Извештајот за емитуваното платено политичко рекламирање за време на вториот круг од изборната кампања за Локалните избори 2021 да го објави на веб страницата на Агенцијата (www.avmu.mk).

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување на одлука за Ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-ва година. Објасни дека со ребалансот се предвидува зголемување на неколку ставки за одредени сегменти, но нема да има зголемување на Финансискиот план бидејќи средствата ќе се пренаменат од други ставки каде што не се потрошени средствата во текот на годината и се однесуваат за зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за електрична енергија во износ од 100,000.00 денари, зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за топлинска енергија во износ од 100,000.00 денари, зголемување на средствата за исплата на надоместок за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 100,000.00 денари и зголемување на средствата за исплата на јубилејни награди во износ од 70,000.00 денари.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше забележано аудио без видео приказ) донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

Со предложениот ребаланс на Финансискиот план за 2021-та година, вкупните планирани расходи според планот ќе останат на претходно утврдено ниво, односно ќе изнесуваат 126,817,233.00 денари.

Со измените кои што се предлагаат, ќе се обезбедат средства во износ од 370,000.00 денари и истите ќе бидат наменети за:

- зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за електрична енергија во износ од 100,000.00 денари;
- зголемување на средствата за исплата на потрошувачка за топлинска енергија во износ од 100,000.00 денари;
- зголемување на средствата за исплата на надоместок за членовите на Советот на Агенцијата во износ од 100,000.00 денари и
- зголемување на средствата за исплата на јубилејни награди во износ од 70,000.00 денари.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 8 и 9**

Г-дин Трајчевски ги образложи Предлозите за покренување постапка за одземање на дозволата на ТВ Нова од Гевгелија и на РА Актуел од Битола. Објасни дека двата радиодифузери не ги исполнуваат минималните кадровски услови согласно Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Кај радиодифузерот од Битола има и смрт на сопственикот на радиото. Овие прекршувања се констатирани уште пред почетокот на кампањата за Локалните избори но не сакајќи да се влијае врз медиумите во тој период за започнување постапка за одземање на дозволата, неформално им се даде рок да завршат изборите и потоа да биде поставена точката на дневен ред. По започнување на постапката за одземање на дозволата на ТВ Нова од Гевгелија и РА Актуел од Битола, ќе имаат дополнителен период од 15 дена да ја корегираат оваа

состојба. Се надева дека тоа и ќе го направат, во спротивно ќе биде неминовно согласно Законот одземање на дозволата.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева посочи дека во Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор на РА Актуел од Битола од страна на секторот е направена техничка грешка односно на крајот од извештајот во предлогот наместо „..дозволата за радио емитување“ стои „..дозволата за телевизиско емитување“. Нагласи дека ова е веќе коригирано во предлогот до Советот и ќе се коригира и во Извештајот.

*Гласање по Точка 8*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор, по службена должност, бр.03-4127/1 од 09.11.2021 година на ТРД ТВ Нова ДОО Гевгелија и поради неисполнување на минималните кадровски услови едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше забележано аудио без видео приказ) заклучи да покрене постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување поради прекршување на член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој „Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на локално ниво треба да биде најмалку 5 (пет), од кои 3 (три) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.

*Гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден административен надзор, по службена должност, бр.03-4128/1 од 09.11.2021 година на Трговско Радио-дифузно Друштво РАДИО АКТУЕЛ Битола ДООЕЛ и поради неисполнување на минималните кадровски услови едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше забележано аудио без видео приказ) заклучи да покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување поради прекршување на член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој „Бројот и структурата на вработените лица за радио на локално ниво треба да биде најмалку 3 (три), од кои 2 (две) со висока стручна спрема (ВСС), вработени како новинари“.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: ИКТ опрема укажа дека оваа постапка со оглед на тоа колку денови ќе трае, можеби околу 45 дена, нема да може да се заврши оваа година и реално ќе имплицира измени на Финансискиот план до година, бидејќи овие средства нема да бидат потрошени од Финансискиот план за 2021-ва, и треба за таа сума да биде зголемен Финансикиот план за 2022-ра година.

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска објасни дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2021 а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година. Според износот на средства кој што е предвиден ќе се спроведе како поедноставена отворена постапка и огласот ќе биде објавен на електронскиот ситем на јавни набавки и во „Службен весник на РСМ“. Во доставените материјали по точката детално се разработени сите елементи кои се потребни за оваа набавка.

Г-дин Петрушевски рече дека оваа набавка најверојатно ќе го разреши оној проблем со интернет пристапот што повремено го има г-дин Фиданоски кога е во просториите на Агенцијата. Се работи за замена на старата опрема што предизвикува понекогаш да се има послаб интернет пристап посебно безжичен. Оваа набавка ќе го реши тој проблем и од информатички аспект ова е неопходно да се направи. Проценетите средства се некаде под 30 илјади евра без вклучен ДДВ и на е-аукција најверојатно ќе падне овој предвиден износ.

Советот на Агенцијата едногласно (гласањето на г-дин Трајчев беше забележано аудио без видео приказ) даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапка за јавна набавка-стока: ИКТ опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: ИКТ опрема е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 11**

**Разно**

Немаше точки под разно.

**Бр.** 02-4171/11
26.11 **2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**